# II тема: Книжевност

## II.1 Епика

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Што е епика?

- Епиката е најстар книжевен род.
- Во епските песни основната содржина е **митот** (фантастична приказна), а основното обележје **раскажувањето** (нарација).
- Значи во епската песна поетот раскажува пеејќи за некој настан или за подвизи на некои личности (јунаци, херои, богови) од митологијата.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Како твореле старите хеленски епски поети?



- Најстарите хеленски епски поети не биле писмени, но, имале исклучителна дарба да творат.
- Епските песни ги составувале во мислите и ги пренесувале усно пеејќи во придружба на музички инструмент.
- Основна содржина од каде ја црпеле идејата за епската песна е митот, а често биле вдахновени (инспирирани) од музата на епската поезија Калиопа.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Како опстанале еповите низ времето?

- По пат на усна книжевна традиција.
- Што е тоа? Тоа е пренесување на песна по пат на пеење од едно на друго поколение.
- Со откривањето на писмото и папирусот, епските песни се запишувале и препишувале за да не се заборават низ времето.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 4. Значајни епски поети

**Хеленски епски поети и книжевни дела**:



Хомер со двата епа ***Илијада*** и ***Одисеја***

Хесиод со двата епа ***Теогонија*** и ***Дела и дни***



**Римски епски поети и книжевни дела:**



Вергилиј со епот ***Ајнеида***

Овидиј со епот ***Метаморфози***



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Која е основната содржина на епиката?
- Митот (фантастична приказна).

- Кое е основното обележје на епиката?
- Раскажувањето (нарација).

- Што опејува епскиот поет во неговата песна?
- Некој настан или подвиг на некој јунак, херој, божество.

- Со што биле придружени епските песни кога се пееле во антиката?
- Со музички инструмент.

- Како опстанале еповите низ времето?
- По пат на усна книжевна традиција. Преку пеење од едно на друго поколение.

- Кои се прочуените стари хеленски епски поети?
- Хомер и Хесиод.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Кои се прочуените римски епски поети?
- Вергилиј и Овидиј.

- Кои се најпознатите два епа составени од епскиот поет Хомер?
- „Илијада“ и „Одисеја“.

- Кои епови ги составил поетот Хесиод?
- „Теогонија“ и „Дела и дни“.

- Кој е најпознатиот римски еп на поетот Вергилиј?
- „Ајнеида“.

- Кое е прочуеното епско дело на поетот Овидиј?
- „Метаморфози“ (Преобразби).

- Како се нарекува музата на епската поезија?
- Калиопа.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
# Изработка на презентација

- Во MS PowerPoint напиши наслов на тема за истражување и изработка на презентација во најмалку три слајда.
- Може да истражуваш на една од следните теми:
  1. Епски поет Хомер, епот *Илијада* или
  2. Епски поет Хомер, епот *Одисеја*.
- Побарај податоци на интернет, срочи го текстот во слајдовите и додај фотографии/слики.
- Изготвената презентација отпечати ја во еден примерок и прикачи ја во папка на Мајкрософт Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND